ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ" РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Бр. 05-49/3 11.03.2025 год. Скудриње Маврово и Ростуша

Друштво за производство и трговија Давка ДООЕЛ Бр. 03-07/25 12.03.2025 год. Штип

# ДОГОВОР

## ЗА НАБАВКА И МОНТАЖА НА СМАРТ ТАБЛИ

**Оглас бр. 03268/2025**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

А. 1. **ОУ „Блаже Конески„** с.Скудриње, 1257 Скудриње, застапувано од Директор Бешир Рамадани (во понатамошниот текст „Договорен орган", односно, „Нарачувач") од една страна,,

и

**Б. „Друштво за производство и трговија ДАВКА ДООЕЛ Штип"**, со седиште на ул. „Широк Дол", бр. 40, Штип со ЕДБ **4029992112266** и ЕМБС **4421221** застапуван/о од Директор/Управител – Павле Давков ( во понатамошниот текст „Носител на набавката„) од друга страна.

**ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)**

Член 1

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) „**Договорен орган„** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) „**Носител на набавката**„ - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) „**Договор за јавна набавка на стоки„** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) „**Договорна цена„** - е цената која ја побарува Носителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) „**Испорака„** - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со набавка и монтажа на смарт табли, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 27.02.2025 година, Одлука за избор на најповолна понуда од 07.03.2025 година во врска со спроведената постапка со користење на постапка од мала вредност за јавна набавка по оглас бр. 03268/2025.

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на овој Договор.

**ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Вкупната цена на стоките од член 2 на овој Договор, согласно барањата од техничките спецификации за конкретната набавка и прифатената цена изнесува 124.483,45 денари без вклучен ДДВ.

ДДВ-то изнесува 13.616,55 денари.

Односно, се вкупно со вклучен ДДВ изнесува 138.100,00 денари.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Договорот се склучува на определено време за периодот од 10 денови од денот на добивање на нарачката за опишаните стоки.

**ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ**

**Член 6**

Носителот на набавката е должен испораката бараната нарачка на стоките опишани во техничките спецификации да ја изврши во рок од 10 дена од денот на добивање на налог за нарачка на стоките со достава на стоките до ОУ Блаже Конески во с.Скудриње.

Носителот на набавката е должен да ги испорача и монтира стоките опишани во техничката спецификација во просториите на училиштето во с.Скудриње.

**Напомена:**

**Стоките да бидат во согласност со техничката спецификација која е во прилог на овој договор, и ќе се испорачува со координација со овластено лице од училиштето.**

**ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА**

**Член 7**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во техничката спецификација која е составен дел од овој договор;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- валута на плаќање.

**НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ**

**Член 8**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши на следниов начин : <u>со достава на фактура за испорака на побараните стоки опишани во техничката спецификација.</u>

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го изврши - одложено, вирмански во текот на 2025 година согласно приливот на средства од страна на општината по основ за материјални трошоци на училиштето со предходна достава на фактура за доставените/испорачаните стоки, на сметка и банка за која писмено ке го извести Носителот на набавката.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

Во случај Договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот, рок се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

**КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА**

**Член 9**

Квалитативен и квантитативен прием на стоките (смарт табли) од член 2 и техничката спецификација од овој Договор врши Договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

Лицето задолжено за следење на реализација на овој Договор ќе врши квалитативна и квантитативна контрола на стоките.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договор и со доставената нарачка.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоката/те ќе ја угради/постави на бараното одредиште (ОУ Блаже Конески Скудриње).

**Член 11**

Носителот на набавката е должен да ги испорача стоките на Договорниот орган во исправна состојба. Производите што се набавуваат во сите делови да бидат нови. Не се прифаќаат користени производи. Се бараат исклучително нови, фабрички пакувани и неискористени производи.

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

**Член 12**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по испорака на стоките одложено, вирмански во текот на 2025 година согласно приливот на средства од страна на општината по основ за материјални трошоци на училиштето со предходна достава на фактура за доставените/испорачаните стоки.

**Член 13**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на стоките.

**НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА СТОКИТЕ**

**Член 14**

Примопредавањето на стоките се состои во вршење на потребните дејствија за да биде возможно предавањето, како и превземањето на стоките.

**Член 15**

Носителот на набавката е должен да му ја предаде стоката/те на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договорот и согласно нарачката.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 16**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија, посебно Законот за Финансиска Дисциплина, и Законот за Облигациони односи.

**ВИША СИЛА**

**Член 17**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ**

**Член 18**

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоката/те што тој ги имал во моментот на преминувањето на ризикот врз Договорниот орган, без оглед дали тоа му било познато.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Договорниот орган ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 19**

Недостаток постои:

1) ако стоката/те ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;

2) ако стоката/те ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или морала да му биде позната;

3) ако стоката/те ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани, и

4) кога Носителот на набавката предал стоки кои не се соодветни со техничките спецификации кои се составен дел од овој договор.

**Член 20**

Договорниот орган кој навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде други стоки

2) да бара намалување на цената и

3) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Договорниот орган има право и на надомест на штетата.

Покрај тоа и независно од тоа, Носителот на набавката му одговара на Договорниот орган и за штетата што овој поради недостаток на стоката/те ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

**ОБЕЗШТЕТУВАЊЕ**

**Член 21**

Договорните страни се должни да ги исполанат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

Член 22

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

Член 23

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред основен суд Гостивар.

**ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 24

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 25

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 26

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднообразни примероци, од кои 3 (три) за Нарачувачот и 2 (два) за Носителот на набавката, и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

---

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| ОУ БЛАЖЕ КОНЕСКИ СКУДРИЊЕ | ДАВКА ДООЕЛ ШТИП |
| ДИРЕКТОР | ДИРЕКТОР/УПРАВИТЕЛ |
| БЕШИР РАМАДАНИ | ПАВЛЕ ДАВКОВ |

Составни делови на овој Договор се:
а) Техничка спецификација
б) Копија на прифатена понуда

а) Техничка спецификација

| р.бр | Назив и минимални карактеристики на стоките | Мерна Единица | Кол. |
|---|---|---|---|
| 1 | **ИНТЕРАКТИВНА ТАБЛА** 83" IR<br>Резолуција : 32768 x 32768<br>Минимални димезии 1650 x 1250 мм на таблата<br>и минимални димезии на работна површина 1580 x 1170 мм<br>-Точност на допир со прст ± 1 мм<br>- да работи на допир со прст и пенкало.<br>- да може со мимимум 10 прсти одеднаш да се пишува.<br>- да можат мимимум 6 корисници истовремено да пишување и цртање во различни бои<br>- да има препознавач на ракопис и основни геометриски форми.<br>- Можност за цртање на 2Д и 3Д форми за математика<br>- да има поддршка за Microsoft Office програми<br>- да има 3-димензионален наставен Софтвер<br>- да има челична работна површина<br>- да има USB конекција<br>- да има подршка за оперативени системи (32/64 битен) Windows 10/8 или 7 / Vista / XP<br>- софтверот да е на македонски и на албанскијазик. | Парче | 2 |
| 2 | **ПРОЕКТОР**<br>со минимум перформанси:<br>Резолуција: XGA1024x768; Светлина: 40000 ANSI lumens; Контраст: 25 000:1 Приклучоци: HDMI, VGA, USB. Работни часови на ламбата 6000 часа или во економичен мод 10 000 до 15 000 часа. | Парче | 2 |
| 3 | **ДРЖАЧ ЗА ВИДЕОПРОЕКТОР**<br>Универзален тавански држач за видео проектори со должина од 700 до 1200 mm . Каблите можат да се скриат во внатрешноста. Има можност за прилагодување лево / десно + / - 15 о и навалување 0 о - 30 о .Хоризонтална ротација + / - 10 о .<br>Максимална тежината на проекторот е 12 кг. | Парче | 2 |
| 4 | **КАБЕЛ ХДМИ** минимум 10 м<br>HDMI кабел<br>Надворешен дијаметар на кабелот минимум: 6 мм<br>Конектори да бидат 24K позлатени<br>Максимална резолуција да не е помала од 3840x2160 (4K) @ 50/60 Hz<br>Макс FPS да не е помало од 30<br>Ширина на опсег да не е помал од 18 Gbps<br>Да подржува HDR, ARC, CEC<br>Должина 10 м | Парче | 2 |
| 5 | **Монтажа**<br>Интерактивна табла: поставување на интерактивна табла на ѕид со држачи. Држач за проектор: поставување на проектор на држач на ѕид или плафон.<br>Инсталација: Спроведување на каналчиња за кабли и спроведување струен кабел од извор на струја до проектор. | позиција | 2 |

## б) Копија на прифатена понуда

Дел II - Техничка понуда

II.1 Согласни сме да ги понудиме следниве стоки согласно барањето од техничката спецификација тоа:

| Дел | Опис | Марка/тип, призводител земја на потекло | минимум гарантен рок | Понудено Гарантен рок |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СМАРТ ТАБЛИ И ПРОЕКТОРИ | Интерактивна табла 65" Давка, Optoma - Кина | Интерактивна табла минимум 2 години Проектор минимум 1 година, на ламба 6 месеци или 1000 работни саати | Интерактивна табла 2 години Проектор 1 година, на ламба 6 месеци или 1000 работни саати |

*колоната Марка/тип, призводител и земја на потекло задолжително да се пополни во спротивно понудата нема да биде прифатена

II.2 Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, која искажана посебно изнесува:

| | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | 124 483.45 | 13 616.55 |

Дел III - Финансиска понуда

III.1 Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

Дел 1 СМАРТ ТАБЛИ И ПРОЕКТОРИ

| Ред. бр. | опис | Единица мерка | количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена без ддв (предмет на е-аукција) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | СМАРТ ТАБЛИ И ПРОЕКТОРИ | | | | | |
| 1 | Интерактивна табла | Парче | 2 | 33 809.53 | 5 380.95 | 57 519.05 |
| 2 | Проектор | Парче | 2 | 22 457.65 | 8 084.75 | 44 915.25 |
| 3 | Држач за проектор | Парче | 2 | 2 542.38 | 915.25 | 5 084.75 |
| 4 | Кабел HDMI | Парче | 2 | 889.83 | 320.34 | 1 779.66 |
| 5 | Монтажа | позиција | 2 | 2 542.37 | 915.26 | 5 084.74 |
| Вкупен износ: | | | | | | 124 483.45 |
| Вкупен износ без ДДВ (со зборови): СТО ДВАЕСЕТ И ЧЕТИРИ ИЛЈАДИ ЧЕТИРИСТОТИНИ ОСУМДЕСЕТ И ТРИ ДЕНАРИ И 45 ДЕНИ | | | | | | |

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

---

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| ОУ БЛАЖЕ КОНЕСКИ СКУДРИЊЕ | ДАВКА ДООЕЛ ШТИП |
| ДИРЕКТОР | ДИРЕКТОР/УПРАВИТЕЛ |
| БЕШИР РАМАДАНИ | ПАВЛЕ ДАВКОВ |